**УДК:929Давчев, В.**

## IN MEMORIAM

## ЛИКОТ И ДЕЛОТО НА ПРОФЕСОР Д-Р ВЛАДИМИР ДАВЧЕВ

Со неверување и во шок ја примивме веста за ненадејната смрт на д-р Владимир Давчев, редовен професор на Институтот за родови студии на Филозофскиот факултет во Скопје.

Професорот Давчев не беше само професор и наш колега, тој беше и нашиот пријател и другар. За студентите, тој беше ценет професор, кој умееше другарски да се постави, но и да им пренесе знаење. Ние не изгубивме само човек, изгубивме личност со исклучителни доблести: принципиелен, праведен, колегијален и умерен; човек со којшто беше задоволство да се соработува и на кого можевме да се потпреме.

Владимир Давчев е роден на 3 ноември 1962 година во Скопје, каде ги завршил основното и средното (гимназиско) образование. Школувањето го продолжил на Филозофскиот факултет во Скопје на групата за филозофија и дипломирал во јуни 1987 година со просечен успех 9,38. Во 1988 година се запишал на постдипломските студии по филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје, кои ги завршил со просечен успех 9,00. Со научниот степен магистер по филозофски науки се здобил во 1994 година, со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Однос ʻдух-телоʼ во модерната аналитичка филозофија“. Докторската дисертација под наслов: „Свеста и аналитичката филозофија: Анализа на сфаќањето на поимот свест кај Бертранд Расел, Гилберт Рајл и Даниел Денет“ ја одбранил во 2000 година, исто така на Филозофскиот факултет во Скопје и се стекнал со научниот степен доктор по филозофски науки.

Своето работно искуство Давчев го започнал во мај 1988 година, како помлад асистент по предметот основи на марксизмот на Институтот за марксизам при Филозофскиот факултет во Скопје. Со трансформирањето на Институтот за марксизам во Катедра за хуманистички студии, Давчев станал помлад асистент по предметот филозофија на техниката. Во тој период бил ангажиран и како стручен соработник на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет и реализирал вежби по старогрчки јазик (морфологија). Во 1994 година е избран во звањето асистент по предметите филозофија на техниката и филозофија и социологија на техниката и реализирал вежби на Градежниот и на Машинскиот факултет во Скопје. Во 2001 година е избран во звањето доцент по предметите: филозофија на техниката, филозофија и социологија на техниката, урбана антропологија, социологија на технолошкиот развој и филозофија на духот. По истите предмети е избран во звањето вонреден професор во 2005 година, а во 2010 година е избран во звањето редовен професор за научните области (дис-

циплини): современа филозофија, филозофија на техниката, историја на родот и полот, антрополологија на родот и урбана антропологија.

Професорот Владимир Давчев, со својата посветеност и умешност во реализирањето на наставата, уште како асистент постигна огромен рејтинг кај студентите. До ден денес, кога ќе се спомне неговото име, студенти со восхит раскажуваат за неговиот начин на држење настава и за неговиот однос кон студентите.

Тој беше и еден од стожерите на Институтот за родови студии, отворен во 2008 година на Филозофскиот факултет во Скопје на иницијатива на професорката Слободанка Марковска. Од самите почетоци, како дел од тимот во подготовката на елаборатот за основањето на Институтот (2005) и во натамошното опстојување на Институтот, со сите негови премрежиња, Давчев остави посебен белег. Подготвуваше наставни програми, учествуваше во организирање настани и активности за студентите. Во недостиг на кадар, прво како вонреден, а потоа како редовен професор, крајно одговорно и со целосна ангажираност реализираше настава по повеќе предмети: академско пишување, критички приод кон маскулинитетот, историја на родот и полот во средниот век, историја на родот и полот во 19 век, методологија на родовите истражувања, технофеминизам и киберкултура, и родот и сексуалноста. Воедно, беше вклучен во наставата на сите три циклуси на Институтот за филозофија, и во наставата на вториот циклус студии по Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности. Тој беше и првиот раководител на постдипломските родови студии, отворени во 2017 година на Институтот за родови студии. Како еден од омилените професори, под негово менторство дипломираа и магистрираа голем број студенти.

Но, тука не запираше неговиот ангажман. Се пројавуваше со бројни трудови, студии, критички осврти, рецензии и прикази на книги од областа на филозофските науки. Тој е автор на книгите: *Аналитичката филозофија и дух тело интеракцијата, и Свеста и аналитичката филозофија.* Присуствуваше на конференции и трибини и учествуваше во одделни програми на Македонското радио и телевизија. Активно учествуваше и во наставно-научните тела и комисии на Филозофскиот факултет. Како долгогодишен член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет, во периодот од 2003 - 2005 година Давчев беше заменик-претседател на Одборот, а од 2008 до 2011 година, тој беше и претсетадел на овој редакциски одбор. Тој беше и претседател на Филозофското друштво на Македонија (2003 - 2007); член на Редакцијата на списанието *Филозофија* (2006); член на Советодавниот борд на проектот „Другиот во наставните содржини на високото образование“, инициран од Фондацијата „Институт отворено општество – Македонија“ и беше член на Уредувачкиот одбор на публикацијата под наслов „Истражувајќи ја другоста - Аспекти на другоста од перспектива на одделни дисциплини во високото образование во Република Македонија“.

Тука е и неговото учество во национални и меѓународни научни проекти. Професорот Давчев беше раководител на проектите: „Застапеност на хуманистичкото образование на Универзитетот 'Св. Кирил и Методиј' " – Скопје", поддржан од Министерството за образование и наука на Р Македонија (2006), и „Интеркултурното образование во Р Македонија: анализа на содржини кои имплицираат интеркултурност во учебниците во основно образование на македонски јазик", проект реализиран во рамките на Програмата за образование на Роми – Песталоци (2009). Како член беше дел од тимовите во реализација на проектите: „Родовата практика на Универзитетите во Република Македонија: вклученост/исклученост на жените во телата и процесите на донесување одлуки", инициран од Универзитетот во Фрибур, а поддржан од Швајцарската агенија за развој и соработка (2008 - 2009); „Застапеност на наставни содржини за религијата во одделни општествено-хуманистички предмети во основното и средното образование (реформирано гимназиско и средно стручно образование", поддржан од ФИОМ (2007); и беше член во проектот за превод на Едицијата „Историја на жените на Западот" (пет тома) наменета како учебно помагало за студентите на Институтот за родови студии при Филозфскиот факултет Скопје, поддржан од Филозофскиот факултет - Скопје, ФИОМ и Фондацијата Фридрих Еберт. Воедно, беше член на стручната и јазична редакција на третиот том од оваа едиција „Молкот на средниот век" (ур. Кристијана Клапиш – Зубер), издаден во 2015 година.

Во 2000 година, тој е дел од тимот за консултации и избор на кандидати за летното училиште *Лицето на другиот – лице и насилство: граници на човечност*. Во текот на 2008/2009 година, беше ангажиран како обучувач на семинари организирани во рамки на проектот „Образование за социјална правда - програма за образование на Роми". Професорот Давчев ќе остане запаметен и како еден од иницијаторите за формирањето на Интердисциплинарниот центар за когнитивни науки, отворен во 2020 година, на Филозофскиот факултет во Скопје.

И тоа не е сè. Тоа е е само дел од целокупниот ангажман и дејност на професорот Давчев, чиј професионален и научен интерес беше јасно дефиниран и насочен кон: филозофијата на духот; когнитивната филозофија; вештачката интелигенција и нејзиното општествено влијание; и мажественоста во современата цивилизација. Неговите истражувања на феномените на свеста, духот и телото, обединети во една историска синтеза од Аристотеловото учење за душата до современата аналитичка теорија на свеста, се пионерски истражувања во оваа област, со кои Давчев ја покажа својата иновативност во пристапот и автентичност во интерпретацијата. Автентичноста и суверeноста на Давчев доаѓаат до израз и во анализите од подрачјето на најкрупните промени и движења кои се случуваат во планетерни рамки, предизвикани од технолошките иновации кои со својата динамика и виртуелност го менуваат животот на човекот во сите аспекти. Во ова поле тој се потврдува и како ангажиран мислител, кадарен да ги лоцира конкретните закани, предизвици и солуции во сопствената социјална

средина. Прашањата поврзани со родот, полот и идентитетот го сочинуваат поновото подрачје на филозофската преокупација на Давчев, насочена кон контроверзните концепции на феноменализмот и есенцијализмот. И во ова област Давчев дава особен придонес, со своите значајни сознанија и согледби поврзани со категориите „род“ и „пол“ и нивното влијание врз градењето на идентитетот.

Професорот Владимир Давчев ненадејно замина. Останаа нереализирани задачи, желби и замисли. Но сепак, остави дела зад себе, нѐ остави со убави спомени и ги збогати нашите животи.

Сузана Симоновска